Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови”, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано” од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали“ од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО - СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА - ШПАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2402-80/5 од 16.5.2013 год., донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 16.5.2013 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *романистика - шпански јазик* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав на:

- проф. д-р Радица Никодиновска, вонреден професор за наставно-научната област романистика, вработена на Филолошки Факултет „Блаже Конески“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – претседател;
- проф. д-р Александра Саржоска, вонреден професор за наставно-научната област романистика, вработена на Филолошки Факултет „Блаже Конески“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – член;
- доц. д-р Светлана Јакимовска, доцент за наставно-научната област романистика – француски јазик, вработена на Филолошки факулте, при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 30.4.2013 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Марија Тодорова - магистер по методика на настава по шпански јазик, вработена како кореспондент по шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Тодорова** е родена на 18 август 1981 година во Кочани, каде што со континуиран одличен успех завршува основно и средно образование. Дипломира на Државниот универзитет во Чикаго (САД) во 2006 година со просек 10,00 и се стекнува со титула дипломиран филолог по шпански јазик и книжевност. Покажува забележителни успеси во текот на студирањето и добива високи академски признанија.

Во 2011 година, со просек 9.93 магистрира на Факултетот по класични и нови филологии при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија и се стекнува со титула магистер по методика на настава по шпански јазик. Магистрира на тема „Изучување на шпански јазик како втор странски јазик“.

Во периодот од 2005 до 2007 година работи како асистент и тутор на Државниот универзитет во Чикаго “Chicago State University” – САД.

Од 2008 година до денес работи на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како кореспондент по шпански јазик.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство поврзано со шпанскиот јазик го започнува во 2005 година и во периодот до 2007 година работи како асистент и тутор на Државниот Универзитет во Чикаго, САД.

Во текот на своето работење на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката м-р Марија Тодорова мошне успешно ги извршува своите

работни обврски и држи вежби по предметите: Шпански јазик 1, 2, 3, 4, 5, 6 како изборен предмет на Филолошкиот факултет, Шпански јазик 1, 2, 3, 4 како задолжителен странски јазик и Шпански јазик 1 како изборен странски јазик на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а исто така ги покрива предметите Шпански јазик (1, 2) како Универзитетски изборен предмет на сите 13 факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“.

***Учество на обуки и конференции***

- Учествува на обуката за интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Центар за е-учење, јули 2011 година.
- Учествува во проектот „Македонија на Википедија“-УГД, 2012/2013.
- Трета меѓународна научна конференција“, „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, 2012.
- Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, 2013.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Марија Тодорова се презентирани преку следниве научни и стручни трудови:

1. **Тодорова М**. (2010): „*Шпанскиот јазик во Соединетите Американски Држави“*, Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.143-148, 2010.
2. **Тодорова М.** (2011): „*Историски и социјален аспект на шпанскиот јазик како дел од наставната содржина*“, Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.193-202, 2011.
3. **Тодорова М**., (2012): „*Семиотички аспект и системност на шпанскиот јазик како дел од наставната содржина*“, Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.69-76, 2012.
4. **Тодорова М**., Маролова Д., (2012): „*Невербалната комуникација како транскултурна категорија*“, Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип , стр. 39-42, 2012.
5. **Тодорова М**., Маролова Д., Јованов Ј., Голаков К. (2012): „*Разлики во современата меѓукултурна комуникација*“, Трета меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, стр.23-26, 2012.
6. Јованов Ј., **Тодорова М**., Маролова Д., Голаков К. (2012): „*Теоријата за висококонтекстуалните и нископонтекстуалните култури од Едвард Хол*“, Трета Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, стр.16-18, 2012.
7. **Тодорова М**., Коцева В. (2013): „*Мултикултурализам и многујазичност како дел од европската јазична политика*“, Четврта Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, стр.192-195, 2013.
8. Коцева В., **Тодорова М**., (2013): „*Варијабилност на говорот на младите во Италија*“,Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, стр. 100-103, 2013.

Евалуација на трудот „*Шпанскиот јазик во Соединетите Американски Држави“* – Во овој труд авторот се осврнува на дијалектите и дијалектните карактеристики на шпанскиот јазик во САД.

Евалуација на трудот „*Историски и социјален аспект на шпанскиот јазик како дел од наставната содржина*“ - Во овој труд авторот ги разработува историскиот и социјалниот аспект на шпанскиот јазик и ја потенцира важноста од нивно вклучување во наставниот процес преку предавањата по изговор, граматика и лексика.

Евалуација на трудот „*Семиотички аспект и системност на шпанскиот јазик како дел од наставната содржина*“ - Во овој труд се прави осврт на семиотичкиот аспект

и системноста на шпанскиот јазик и нивно вклучување во наставниот процес преку предавањата по изговор, граматика и лексика.

Евалуација на трудот „*Невербалната комуникација како транскултурна категорија*" - Во овој труд се разгледуваат невербалните и паралингвалните средства како придружни елементи на секоја вербална комуникација и нивните културни специфики.

Евалуација на трудот „*Разлики во современата меѓукултурна комуникација*" - Во овој труд се разгледуваат комуникативните, јазичните и стилистичките разлики во современата меѓукултурна комуникација, се прави споредба меѓу повеќе култури и се согледуваат нивните разлики и сличности.

Евалуација на трудот „*Теоријата за висококонтекстуалните и нископонтекстуалните култури од Едвард Хол*" - Во овој труд се пренесуваат основите на теоријата на Едвард Хол, со потенцирање на нејзиното значење во меѓукултурната комуникација.

Евалуација на трудот „*Мултикултурализам и многујазичност како дел од европската јазична политика*" - Во овој труд се истакнува важноста на многујазичноста, потребата од поголемо внимание на многујазичната настава во нашите образовни институции, потребата од стекнување на могујазични компетенции и како главна цел е да се поттикне и да се испрати порака до наставниот кадар да се стреми кон спроведување на многујазична настава.

Евалуација на трудот „*Варијабилност на говорот на младите во Италија*" - Во овој труд се разгледуваат четирите типа на варијетети во говорот на младите и тоа: дијахрониски (според времето), дијатописки (според местото), дијастратиски (според општествените класи) и дијафизички (според комуникациските ситуации).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работна биографија, стекнатото образовние, искуството во наставната и научноистражувачката работа, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата констатира дека м-р Марија Тодорова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, предвидени со Законот за високото образование, за избор во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *романистика – шпански јазик* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатката м-р Марија Тодорова да биде избрана за наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област романистика – шпански јазик.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Радица Никодиновска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Александра Саржоска, член, с.р.**
**Доц. д-р Светлана Јакимовска, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

### Табела за вреднување на активностите на м-р Марија Тодорова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (2008/2009 - 2012/2013) | 16 | 0.5 | **8** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјава) – труд 1, 2, 3 и 4 | 4 | 2 (x1.3) | 10.4 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во странство) - труд 5, 6, 7 и 8 | 2<br>2 | 3 (x1.3)<br>3 (x1) | 7.8<br>6 |
| Учество на стручен собир со реферат (усно) | 2 | 1 | 2 |
| | | | **26.2** |
| **ВКУПНО** | **38.2** | | |